Архивски број: 08-86/2

16-01-2024 година

Постапувајќи по претставка со бр. 08-871/1 од 25.12.2023 година, поднесена по електронски пат од страна на лице со електронска адреса [redacted] за сторена дискриминација без наведен потенцијален дискриминатор и основ, Комисијата за спречување и заштита од дискриминација врз основа на член 21 став (1) точка 14 од Законот за спречување и заштита од дискриминација ("Службен Весник на Република Северна Македонија", бр. 258/2020), го донесе следниот

# ЗАКЛУЧОК

**СЕ ОТФРЛА** претставката за заштита од дискриминација бр. 08-871/1 од 25.12.2023 година, поднесена по електронска пат, од лице со електонска адреса [redacted] без наведен потенцијален дискриминатор и дискриминаторска основа, **поради неуредност.**

## Образложение

На 25.12.2023 година до Комисијата за спречување и заштита од дискриминација (во понатамошниот текст: Комисијата) преку електронска пошта која системот автоматски ја регистрира, беше доставена претставка од страна на лице со електронска адреса [redacted] без наведен потенцијален дискриминатор и дискриминаторска основа.

Поднесената претставка не ги содржеше задолжителните елементи согласно член 24 став (1) од Законот за спречување и заштита од дискриминација, според кој: *„Претставката треба да ги содржи следниве елементи: податоци за подносителот, податоци за лицето против кого се поднесува претставката, околностите и фактите врз кои се темели претставката, податоци за правните дејства што претходно ги вложил подносителот, доколку ги има и потпис на подносителот."* Имено, во поднесената претставка не се наведени податоци за подносителот на претставката ( име и презиме, адреса на живеење, контакт податоци ), ниту податоци за потенцијалниот дискриминатор – физичко или правно лице. Воедно, нема податоци, односно опис на настанот заради кој подносителот смета дека е ставен во дискриминирана положба, а нема ниту податоци за дискриминаторската основа.

Од овие причина, согласно член 24 став (2) од Законот, Комисијата направи неколку обиди да ја достави до подносителот претставката заради доуредување, но истите останаа безуспешни поради недостиг на било какви податоци за контакт.

Врз основа на изнесеното се утврди дека поднесената претставка е неуредна и не ги содржи сите потребни елементи кои треба да ги содржи претставката, а кои се предуслов за понатамошно постапување од страна на Комисијата, согласно член 24 став (1) од Законот за спречување и заштита од дискриминација.

Од овие причини, се одлучи како во диспозитивот на овој заклучок.

Скопје,
15.01.2024 година

Комисија за спречување и заштита од дискриминација

Претседател на Комисијата
Игор Јадровски

Доставено до:

1. [redacted]
2. Архива на КСЗД